Уп. Бр.08-155/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од РВА Интернешнал Холдинг ГмбХ со регистрирано седиште на Рајфајзенштрасе 1, 2100 Корнебург, Австрија, преку полномошник Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 14.12.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која РВА Интернешнал Холдинг ГмбХ со регистрирано седиште на Рајфајзенштрасе 1, 2100 Корнебург, Австрија ќе стекне самостојна контрола над АИСЛЕ 40 д.о.о. со регистрирано седиште на Радничка улица 80, Загреб, Хрватска, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 24.10.2023 година, а дополнето на  17.11.2023 годин до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од РВА Интернешнал Холдинг ГмбХ со регистрирано седиште на Рајфајзенштрасе 1, 2100 Корнебург, Австрија со која РВА Интернешнал Холдинг ГмбХ ќе стекнесамостојна  контрола над АИСЛЕ 40 д.о.о. со регистрирано седиште на Радничка улица 80, Загреб, Хрватска,Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**РВА Интернешнал Холдинг ГмбХ** е 100% зависно друштво на РВА Рајфајзен Варе Австрија Акциенгезелшафт. РВА Рајфајзен Варе Австрија Акциенгезелшафт (како индиректен стекнувач) има регистрирано седиште на Рајфајзенштрасе 1, 2100 Корнебург, Австрија (РВА АГ). Владејачки друштва на РВА АГ се:

- 50% од акциите во РВА АГ ги поседува РВА Рајфајзен Варе Австрија Хандел унд Фермугенсвервалтунг еГен (RWA Raiffeisen Ware Austria Handel und Vermögensverwaltung eGen), Виена („**РВА Ген**“);
- 47,53% од акциите во РВА АГ ги поседува БејВа АГ (BayWa AG; „**БејВа**“), а останатите акции се поседувани индиректно од БејВа преку Унсер Лагерхаус Варенханделсгезелшафт м.б.Х. (2,47% од акциите во РВА АГ).

РВА Ген е земјоделска задруга која делува како холдинг друштво, не е самата активна економски и оттука нема или има занемарливи продажби.

РВА АГ или РВА Групата е конгломерат на (прехранбени) друштва кои се бават со производство, трговија и услуги, кој е воглавно активен со продажба на големо во области на купопродажба во земјоделскиот сектор на земјоделски производи, стоки (пр. семиња, пестици, ѓубрива, добиточна храна), потрошувачки стоки (особено градежни материјали и производи за домот и градина), енергија како и земјоделска технологија и резервни делови. Дополнително, има систем на франшиза во областа на земјоделска технологија, како и за градежни материјали и пазарот за домови и градина (DIY).

РВА Групата нема регистрирани зависни друштво во Северна Македонија.

БејВа Групата е активна на светско ниво во полето на енергија, земјоделство и градежништво.

РВА и БејВа имаат остварено приходи во Северна Македонија во претходната година преку продажба на концентрирана добиточна храна, додатоци на добиточна храна, храна за риби, агро стоки, семиња и житарици за сеење, енергија (претежно БејВа Групата), миење, лагер и дезинсекција, технички производи, и други минимални продажби (стоки од тргување како метионин, треонин, лизин).

Единствен содружник на АИСЛЕ 40 е Фортенова Група д.д. (Fortenova Grupa d.d.), акционерско друштво организирано и постоечко согласно законите на Република Хрватска, со седиште на ул. Маријана Чавиќа 1, Загреб, Хрватска.

Пред комплетирањето на предложената трансакција, друштвото БЕЛЈЕ плус д.о.о. (BELJE plus d.o.o.), друштво со ограничена одговорност кое е основано и работи согласно законите на Република Хрватска, со регистрирано седиште на Св. Ивана Крститеља 1а, Дарда, Хрватска (чиј единствен содружник е Фортенова Група) ќе го пренесе на АИСЛЕ 40 силосот, складиштето, фабриката за концентрирана добиточна храна и помошна инфраструктура лоцирани на производствената локација во Иваниќ-Град, Хрватска

-**АИСЛЕ 40** е холдинг друштво. Целните објекти претставуваат локација за производство на добиточна храна и земјоделство во Иваниќ-Град, Хрватска. Производството се состои од 80.000 тони годишно и складиште со капацитет од 33.000 тони, од кои силосот има 15.000 тони, а рамната површина на складиштето е 18.000 тони. Складиштето е помошен објект на производствената локација. Целното друштво – АИСЛЕ 40, како и Целните друштва немаат остварено приходи во Северна Македонија во 2022 година.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата  вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**